УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

До
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
Фонд за научноистражувачка работа

## Барање за финансирање на научноистражувачки проект

| | |
|---|---|
| **Датум на поднесување** | |
| **Проект бр.** | ***(Се пополнува во Архивата на Универзитетот)*** |

| | |
|---|---|
| **Наслов на проектот** | |
| **Клучни зборови** | |
| **FRASCATI класификација** | |

## ПРВ ДЕЛ 1:

## Апстракт (максимум 250 зборови)


Во македонската историографија од ’90-те години на XX век до денес, се заокружија неколку теми во кои е обработен британскиот и американскиот политички интерес кон Македонија. Пред се, тоа се однесува на проектите кои го опфаќаа периодот на присуството на британските и воени мисии на САД во текот на Втората светска војна и британската и американската дипломатска кореспонденција кон Македонија. Како резултат на тие истражувања беа објавени и неколку монографии и зборници на документи. Со тоа пред македонската јавност, за прв пат се фрли светлина за ставовите на Велика Британија и САД кон Македонија и македонското национално прашање во наведениот период.

Меѓутоа, во македонската историографија сеуште постои голема празнина во однос на истражувањата за ставот на британскиот политички врв кон Македонија и македонскиот национален идентитет во периодот по завршувањето на Првата светска војна и Париската мировна конференција до 1945 година. Тоа е период во кој Велика Британија заедно со своите сојузници од војната ја “кроеја” политичката карта на Балканот, не водејќи притоа сметка за националните и територијалните интереси на одделни народи.

Со реализирањето на проектот би се овозможило да се даде слика како другите гледале на Македонија и македонскиот национален идентитет и тоа токму во времето кога, повторно, на Македонија и македонскиот народ им се негира нивната етничка и национална посебност не само од соседните држави туку и од внатре каде се повеќе се засилува процесот на негирање. А токму документите од британските и американските архиви би го покажале спротивното дека, македонскиот национален идентитет, не е никаква измислица на Коминтерната, туку дека Македонците поради склоп на надворешни и внатрешни историски околности не можеле, како сите други балкански држави, да ја експонира својата државна и национална посебност.

## Abstract (max 250 words)

In the Macedonian historiography starting from the 90s of the XX century to the present, are finalized several topics that processed the British and American political interest toward Macedonia. Primarily, it refers to projects which cover the period of the presence of British and US military missions during World War II in Macedonia, and British and American diplomatic correspondence to Macedonia. As a result of these investigations several monographs and collections of documents were published. Thus the Macedonian public for the first time shed light on the positions of the UK and US towards Macedonia and the Macedonian national issue in this period.

However, in Macedonian historiography still exists a big gap in the research on the position of the British political leadership towards Macedonia and the Macedonian national identity in the period after the First World War and the Paris Peace Conference until 1945. It is a period in which Britain along with its allies in the war "were knitting" the political map of the Balkans, without taking account of national and territorial interests of individual nations.

The realization of the project will shed light and give a picture as how others watched Macedonia and the Macedonian national identity just at the time when again, Macedonia and the Macedonian people are denied their ethnic and national identity not only from neighboring countries but also from inside which intensifies the process of denial. The documents from British and American archives would reveal the opposite that the Macedonian national identity, is no figment of the Comintern, but that the Macedonians because of the internal and external historical circumstances could not, like all other Balkan countries, exposes its state and national identity.

**Детален опис на проектот:**

**Вовед**

Детален опис на сегашните сознанија на предметот на истражувањето (максимум 1 страница)

Се до 1943 година Велика Британија, а од средината на 1944 година и САД, не покажувале било каков интерес во однос на македонското прашање. Велика Британија од почетокот на војната воопшто не калкулирала со можноста Македонија да биде обединета, независна држава или во рамките на Балканска федерација. Средината на 1943 година преставува пресвртница во однос на интересот на Велика Британија кон Македонија. Имено, таа година на територијата на Македонија дојде до воено и политичко стаблизирање на Народноослободителното движење. Се формира Централен Комитет на Комунистичката партија на Македонија (ЦК КПМ), се формираа оперативни зони и слободни територии, се формираа нови партизански одреди, баталјони и бригади. Единиците на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија (НОВ и ПО) преземаа вооружени акции против бугарските, италијанските и германските окупатори на територија на Македонија која се наоѓаше под бугарска и италијанска окупација. Особено забележителни биле акциите на територијата на Првата оперативна зона во која влегувал западниот дел на Македонија кој се наоѓал под италијанска воена окупација. Преземените воени акции од страна на НОВ и ПО на Македонија не останале незабележани од членовите на британските воени мисии кои се наоѓале на територијата на Албанија. Во своите извештаи до централата на британската обавештајна служба во Каиро тие известувале за „појава на македонски вооружени партизански групи“. Исто така до такви информации британските експерти доаѓале преку фаќање и дешифрирање на германски телеграми испраќани до штабот на Хитлер од Балканот. Добиените информации центарот во Каиро по итна постапка ги препраќал до Лондон каде биле предавани на надлежните служби. По анализата на експертите на Министерството за надворешни работи на Велика Британија на информациите тие заклучиле дека со истите треба да се запознае премиерот Винстон Черчил, затоа што од почетокот на војната па се до добивањето на информациите, во средината на 1943 година, Винстон Черчил воопшто не калкулирал со Македонија како држава на Македонците по војната. Нејзината судбина тој ја запечатил уште кон крајот на 1941 и почетокот на 1942 година кога во Лондон бил потпишан договорот за Унија меѓу Кралството Југославија и Грција. Со Унијата во суштина се сакало да се покаже дека по војната Велика Британија се залага за истата состојба т.е. понатамошно опстојување на Кралството Југославија и на Кралството Грција во границите од пред 1941 година. Исто така со еден член од договорот се предвидувало по војната кон Унијата да се приклучат и Бугарија, Албанија и Турција. Несомнено со формирањето на оваа Унија и нејзиното опстојување по војната судбината на Македонија и македонскиот народ била запечатена. Македонците и понатаму требало да останат во рамките на Кралството Југославија и на Кралството Грција и да не можат да ги изразат своите национални права.

Но информацијата за постоењето на самостојно македонско движење кое се бори против германските, бугарските и италијанските окупатори во Македонија ги вознемирило духовите како во политичкиот естаблишмент исто така и во воениот. По добиената информација и првиот шок од она што се случува во Македонија Черчил, како искусен политичар со многу префинето

чувство за насет и оценување на политичката ситуација веднаш побарал од разните оддели на Министерството за надворешни работи да му направат целосна анализа за она што било, што е и во што може да се изроди македонското прашање, а од раководните во обавештајната служба побарал да испратат свои агенти кои на лице место ќе се запознаат со она што се случува во Македонија. Шокот од повторното воскреснување на македонското прашање во политичките кругови на Министерството за надворешни работи на Велика Британија како и кај самиот Черчил било големо, имајќи предвид дека тоа за нив било веќе решено прашање. Но информацијата за постоењето на македонски партизани веќе во основа им ги попречувало плановите за идното уредување на Балканот. Тоа го потврдуваат и самите британски офицери кои истакнуваат дека „сите тие се растрчале за да се запознаат од книги и енциклопедии како и од доверливите извештаи, со историјата и вистината за Македонија“ и можеле за прв пат да се запознаат со „македонското прашање и за судбината на разделениот и поробен народ“. Министерството за надворешни работи реагирало многу енергично: „не смееме да имаме никакви врски со Македонците – само би си ги изгореле прстите“.

Овие информации не оставале никакво сомневање дека „македонскиот синдром“ повторно е активиран и може да донесе пореметување на веќе зацртаната линија за повоено уредување на Балканот. Поради тоа, по добивањето на информацијата Винстон Черчил и Министерството за надворешни работи политиката спрема Македонија ја поставиле:

- Против идејата за формирање на јужнословенска федерација и
- Против формирањето на самостојна и обединета Македонија

**Предложени истражувања**

Дефинирајте ги целите и опишете ги детално планираните истражувања, со посебен осврт на предностите на користената методологија и истражувачкиот план со временска рамка (најмногу 3 страници)

Во македонската историографија од ’90-те години на XX век до денес, се заокружија неколку теми во кои е обработен британскиот и американскиот политички интерес кон Македонија. Пред се, тоа се однесува на проектите кои го опфаќаа периодот на присуството на британските и воени мисии на САД во текот на Втората светска војна и британската и американската дипломатска кореспонденција кон Македонија. Како резултат на тие истражувана беа објавени и неколку монографии и зборници на документи. Со тоа пред македонската јавност, за прв пат се фрли светлина за ставовите на Велика Британија и САД кон Македонија и македонското национално прашање во наведениот период.

Меѓутоа, во македонската историографија сеуште постои голема празнина во однос на истражувањата за ставот на британскиот политички врв кон Македонија и македонскиот национален идентитет во периодот по завршувањето на Првата светска војна и Париската мировна конференција до 1945 година. Тоа е период во кој Велика Британија заедно со своите сојузници од војната ја “кроеја” политичката карта на Балканот, не водејќи притоа сметка за националните и територијалните интереси на одделни народи. Во тој контекст повторно пред меѓународната јавност во преден план се појавува македонското национално прашање. Игнорирајќи ги многубројните петиции, меморандуми, писма испраќани од Македонци до членовите на делегациите на Париската мировна конференција за формирање на Македонија како независна и самостојна држава, на Париската мировна конференција, со мали корекции, била потврдена поделбата од Букурешт 1913 година. Несомнено во тоа своја улога имала и Велика Британија, која и покрај тоа што ја знаела вистината за она што се случува во/околу Македонија сепак, поради свои политички интереси настојувала да се задржи status quo-то. За тоа дека британскиот политички врв, ја знаел вистината за она што се случува во Македонија зборуваат и самите документи/анализи кои биле доставувани до Министерството за надворешни работи од сите релевантни дипломатски претставништва на Велика Британија од Балканот и пошироко.

Самиот факт што Велика Британија по завршувањето на Првата светска војна за својата делегација на мировната конференција подготвила материјал од стотина страница во кој била опишана целокупната историја и култура на Македонија зборува за интересет на истата кон Македонија и нејзините жители. Исто така, треба да се нагласи дека, со работата на овој проект ќе се фрли светлина и врз активностите на ВМРО на Тодор Александров и Иван Михајлов и за британскиот и американскиот став кон нив, а исто така и за активноста на другите политички партии кои во тој период биле присутни во трите дела на Македонија За нивната активност постои огромна документација во британскиот национален Архив и други архиви и институции во Велика Британија и САД.

**Цели**

Со реализирањето на проектот би се овозможило да се даде слика како другите гледале на Македонија и македонскиот национален идентитет и тоа

токму во времето кога, повторно, на Македонија и македонскиот народ им се негира нивната етничка и национална посебност не само од соседните држави туку и од внатре каде се повеќе се засилува процесот на негирање. А токму документите од британските и американските архиви би го покажале спротивното дека, македонскиот национален идентитет, не е никаква измислица на Коминтерната, туку дека Македонците поради склоп на надворешни и внатрешни историски околности не можеле, како сите други балкански држави, да ја експонира својата државна и национална посебност.

**Истражувања**

Имајќи предвид дека до сега се објавени повеќе зборници на документи од британска провениенција и мал дел од американска, истите првично ќе бидат искористени во истражувањето, а се планирани и истражувања во Public Record Office, King’s College, School of Economics, Министерството за надворешни работи на САД, како и материјали депонирани во библиотеките и унивезитетие во Велика Британија и САД. Истражувањата би биле во траење од 10 (десет) дена.

**ВТОР ДЕЛ:**
**Истражувачки тим:**

**Главен истражувач:**

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | **Тодор Чепреганов** |
| **Титула** | **Д-р** |
| **Позиција** | **Професор** |
| **Адреса** | **Трифун Хаџијанев 7/7/2, Скопје** |
| **Тел. / Факс** | **075 360 759** |
| **Е-пошта (e-mail)** | **todor.cepreganov@ugd.edu.mk** |

**Кратка биографија:**

Роден на 20. 09. 1955 во Штип. Основно образование завршил во Штип, а средно образование во Скопје. Во 1974/5 се запишал на група Историја на фиозофско-историскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Истиот го завршил во 1979. Во Институтот за национална историја се вработил во ноември 1979.

Последипломски студии ги завршува во 1981. Истата година заминува на едногодишен студиски престој во САД на државниот Универзитет во Чико. Магистерира во 1989 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Докторира во 1993 na Univerzitetot „Sv. Sv. Kiril i Metodij”. Во звањето научен соработник (доцент) е избран во 1994 година, во виш научен соработник (вонреден професор) во 1997 и во научен советник (редовен професор) во 2001.

Поле на интерес политиката на големите сили кон Македонија и Балканот.

Во Велика Британија истражува од 1996 до 2009 година каде работи на новоотворени фондови кои се однесуваат на историјата на Македонија и македонскиот народ. Посебно на фондовите кои се однесуваат на британските воени мисии во Македонија, како и улогата на Велика Британија и САД во Првата и Втората светска војна како и граѓанската војна во Грција. Воглавно своите истражувања во Велика Британија ги врши во Националниот Архив (Public Record Office), Кралскиот колеџ (King’s College), Британската библиотека (British Library), Институтот за историја (Institute of History), Школата за Југоисточни студии (School of South-East Europen Studies). Како резултат на неговите истражувања досега има објавено 32 (триесет и две) монографии 20 (дваесет) зборници на документи. Има учествувано на над 100 (сто) научни собири во земјата и во странство и публикувано над 100 (сто) статии во домашни и странски списанија.

Бил раководител на 8 (осум) проекти од кои еден меѓународен и соработник во 5 (пет) проекти од кои 2 (два) меѓународни. Учествувал и не три летни школи. Визитинг професор на Универзитетот во Темпо-Аризона.

Одржал повеќе од десетина пригодни предавања во земјата и странство, автор на четири телевизиски сценарија, ментор на 9 (седум) и член на 5 (пет) комисии за одбрана на докторски трудови и ментор на 5 (пет) и член на 2 (две) комисии за одбрана на магистерски труда. Учествувал во промовирање и рецензирање на повеќе научни труда.

За својата научна активност добитник е на три награди: Награда за трудови од областа на военоисториските и историските науки, фондација „Михаило и Цвета Апостолски“, 8 ноември 1997 година и наградата „Гоце

Делчев“ за 2009 и 2011година.

**Трудови објавени во последните пет години во стручни списанија кои се наоѓаат на меѓународно признатата листа СЦИ (SCI - Science citation index), со назначен импакт фактор за секој труд:**

1. The participation of the Jews in the National Liberation Movement, International Scientific Conference, Jews in Macedonia: History, Tradition, Culture, Language and Religion, On the occasion of the 70th anniversary of the renewal of the work of the Jewish community in Macedonia after the Second World War (1944 – 2014), Jewish Community in the Republic of Macedonia, Macedonian Academy of Science and Arts, Institute of National History, MASA, 18-19 December 2014, Skopje, Republic of Macedonia, 2015, 215-224.
2. How are Peace and Tolerance Represented in History Textbooks for Primary and Secondary Education. Факултет за образовни науки, University “Goce Delcev ”, Shtip Faculty of Educational Sciences, Образованието во xxi век – состојби и перспективи – меѓународна научна конференција Штип, 24 – 25 септември, 2015 – зборник на трудови – Education in xxi century – Conditions and Perspectives – International Scientific Conference, Shtip, September, 24-25, 2015 – Proceeding Book – Штип, 2016, 324-329. (коавтор) http://js.ugd.edu.mk/index.php/AMC/issue/current
3. Учеството на Евреите во НОД во Македонија, Меѓународна научна конференција, Евреите во Македонија: Историја, традиција, култура, јазик и религија, , по повод 70 години од обновувањето на работата на Еврејската заедница во Република Македонија по Втората светска војна (1944 – 2014), Еврејска заедница во Република Македонија, Македонска академија на науките и уметностите, Институт за национална историја, МАНУ, 18-19 декември 2014, Скопје, Република Македонија, 2015, 219-228.
4. Македонското прашање од Сан Стефано до Букурешт, Меѓународна научна конференција „Балканот: Луѓе, војни и мир, Материјали од меѓународната научна конфераенција по повод 65 години од основањето на Институтот за национална историја (Скопје, 4-5 ноември 2013), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Институт за национална историја –Скопје, 2015, го немам во репозиториум објавен ноември 2015.
5. Балканските војни во мемоарите на Едвард Греј. Букурешкиот мировен договор, Македонија и Балканот, Меѓународен научен собир по повод 100-годишнината од потпишувањето на Букурешкиот мировен договор одржан на 31 октомври и 1 ноември 2013 година, Скопје, 2014, 217-226.

**Учество во научноистражувачки проекти:**

| **Наслов на проектот** | **Период** | **Финансиран од** | **Улога во проектот (главен истражувач или учесник** |
|---|---|---|---|
| Sudirot na britanskite i germanskite interesi na Balkanot vo tekot na vtorata svetska vojna. | 1995-1997 | Министерството за образование и наука | Главен истражувач |
| Britanskata izvestitelna slu`ba SOE: Britanskite voeni misii vo Makedonija (1942-1945). | 1998-2000 | Министерството за образование и наука | Главен истражувач |
| Soedinetite Amerikanski Dr`avi i Velika Britanija i nivniot odnos kon Makedonija vo tekot na Vtorata svetska vojna". | 2001-2003 | Министерството за образование и наука | Главен истражувач |
| Holacaust Education and Intercultural Understanding in South-East Europe: Renewing the ’Ex-Yugoslav’ Pavilion in Auschwitz-Birkenau“ во Аушвиц | 2013-2014 | Министерство за култура на Р Македонија, Venice Office – Regional Bureau for Science and Culture in Europe | Главен истражувач |

**Задолженија во предлог-проектот со временска рамка:**

Во првата година од работата на проектот ќе се направи:

- увид во постојната објавена архивска документација и историска литература;
- архивски истражувања во Државниот архив на Р. Македонија со цел да се види која документација од британска и американска провиненција е достапна за научно истражување;
- ако постои документација која е во релација со проектот ке се изврши нејзино селектирање, копирање и средување

Во втората година од работата на проектот ќе се:

- изврши истражувања во Велика Британија во Националниот архив (Public Record Office) и други институции и по можност во Министерството за надворешни работи на САД;
- истражената архивска граѓа која ќе биде откриена ќе биде селектирана, копирана и средена
- по средувањето на документацијата ќе се пристапи кон финализирање на проектот односно пишување на монографија која ќе биде резултат од извршените истражувања.

**Истражувач:** (приложете посебен формулар за секој истражувач вклучен во проектот)

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | Верица Јосимовска |
| **Титула** | Д-р |
| **Позиција** | доцент |
| **Адреса** | Загребачка # 21 |
| **Тел. / Факс** | 078 473 595 |
| **Е-пошта (e-mail)** | verica.josimovska@ugd.edu.mk |

**Кратка биографија:**

**Трудови објавени во последните пет години во стручни списанија кои се наоѓаат на меѓународно признатата листа СЦИ (SCI - Science citation index), со назначен импакт фактор за секој труд:**

**Учество во научноистражувачки проекти:**

| Наслов на проектот | Период | Финансиран од | Улога во проектот (главен истражувач или учесник |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Задолженија во предлог-проектот со временска рамка:**

**Млад истражувач:** (приложете посебен формулар за секој млад истражувач вклучен во проектот)

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | Оливер Цацков |
| **Титула** | Д-р |
| **Позиција** | Доцент |
| **Адреса** | ACHOM # 38 |
| **Тел. / Факс** | 077 441 189 |
| **Е-пошта (e-mail)** | oliver.cackov@ugd.edu.mk |

**Кратка биографија:**

**Трудови објавени во последните пет години во стручни списанија кои се наоѓаат на меѓународно признатата листа СЦИ (SCI - Science citation index), со назначен импакт фактор за секој труд:**

**Учество во научноистражувачки проекти:**

| Наслов на проектот | Период | Финансиран од | Улога во проектот (главен истражувач или учесник |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Изработка на магистерски/докторски труд – наслов:**

**Задолженија во предлог-проектот со временска рамка:**

**Млад истражувач:** (приложете посебен формулар за секој млад истражувач вклучен во проектот)

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | Соња Николова |
| **Титула** | Д-р |
| **Позиција** | Доцент |
| **Адреса** | Питу Гули # 24 |
| **Тел. / Факс** | 078 472 969 |
| **Е-пошта (e-mail)** | sonja.nikolov1234@gmail.com |

**Кратка биографија:**

**Трудови објавени во последните пет години во стручни списанија кои се наоѓаат на меѓународно признатата листа СЦИ (SCI - Science citation index), со назначен импакт фактор за секој труд:**

**Учество во научноистражувачки проекти:**

| Наслов на проектот | Период | Финансиран од | Улога во проектот (главен истражувач или учесник |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Изработка на магистерски/докторски труд – наслов:**

**Задолженија во предлог-проектот со временска рамка:**

**Млад истражувач:** (приложете посебен формулар за секој млад истражувач вклучен во проектот)

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | Теон Џинго |
| **Титула** | Д-р |
| **Позиција** | Доцент |
| **Адреса** | |
| **Тел. / Факс** | |
| **Е-пошта (e-mail)** | |

**Кратка биографија:**

**Трудови објавени во последните пет години во стручни списанија кои се наоѓаат на меѓународно признатата листа СЦИ (SCI - Science citation index), со назначен импакт фактор за секој труд:**

**Учество во научноистражувачки проекти:**

| Наслов на проектот | Период | Финансиран од | Улога во проектот (главен истражувач или учесник |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Изработка на магистерски/докторски труд – наслов:**

**Задолженија во предлог-проектот со временска рамка:**

## Истражувачка инфраструктура

**Истражувачки капацитети/опрема**

Дадете детален опис на инфраструктурата и опремата која ќе биде на располагање на истражувачите во институциите кои учествуваат во проектот

Истражувачите кои работат на проектот на располагање ја имаат целата потребна инфраструктура и опрема за реализација на проектот: компјутери, печатари, скенери и сл.

**Финансиски план:**

**Трошоци (во МКД)**

| Бр. | Вид на трошок | Прва година | Втора година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни трошоци | | | |
| 421 | Трошоци за греење, телекомуникациски трошоци, транспорт и сл. | | | |
| 423 | Мала лабораториска опрема, потрошен материјал, други материјали | | | |
| 424 | Поправки и сервисни услуги | | | |
| 425 | Договорни услуги | | | |
| | ВКУПНИ ТРОШОЦИ | | | |

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

**Анекс 1**

**Наслов на проектот: Македонскиот национален идентите во британската и американската дипломатска и обавештања кореспонденција 1919-1945**

**Проект бр.:** ______________________

**Согласност на истражувачите и институциите вклучени во проектот** (од сите истражувачи вклучени во проектот - по потреба да се зголеми бројот на соодветните полиња):

| | |
|---|---|
| **Главен истражувач:** (име, потпис и датум) | **Тодор Чепреганов** |
| **Истражувач:** (име, потпис и датум) | **Верица Јосимовска** |
| **Истражувач:** (име, потпис и датум) | **Оливер Цацков** |
| **Истражувач:** (име, потпис и датум) | **Соња Николова** |
| **Истражувач:** (име, потпис и датум) | **Теон Џинго** |
| **Истражувач:** (име, потпис и датум) | |
| **Млад истражувач:** (име, потпис и датум) | |
| **Млад истражувач:** (име, потпис и датум) | |
| **Раковидител на институцијата на главниот истражувач** | **Име и презиме, звање: проф. д-р Соња Петровска** |
| | **Институција: Факултет за образовни науки** |
| | **Потпис и печат** |
| **Раковидител на институцијата на останатите истражувачи** | **Име и презиме, звање: проф. д-р Соња Петровска** |
| | **Институција: Факултет за образовни науки** |
| | **Потпис и печат** |
| **Раковидител на институцијата на останатите истражувачи** | **Име и презиме, звање: проф. д-р Соња Петровска** |
| | **Институција: Факултет за образовни науки** |
| | **Потпис и печат** |
| **Раковидител на институцијата на останатите** | **Име и презиме, звање: примариус м-р Илчо Захариев** |
| | **Институција: Општина Штип** |

| | |
|---|---|
| **истражувачи** | **Потпис и печат** |
| **Раководител на институцијата на главниот истражувач** | **Име и презиме, звање: проф. д-р Драги Горгиев** |
| | **Институција: Институт за национална историја** |
| | **Потпис и печат** |

**Анекс 2**

**И з ј а в а**

**Јас __проф. д-р Тодор Чепреганов____________________________, како главен истражувач, под морална и материјална одговорност изјавувам дека предложениот научен проект не се финансира од други извори на финансирање.**

______________________ ______________________

**Датум** **Потпис**